- **Низ локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, минува постојниот преносен 110kV далновод Скопје 1-Куманово 1 заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: “Мрежните правила за пренос на електрична енергија” (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).**
- Поставувањето на **површински соларни и фотоволтаични електрани** од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица, КО Страчинци и КО Брњарци,**

Општина Гази Баба, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- **Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица, КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- **Иницијативата за површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица, КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.**
- **Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

  А4 - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).
- **Релевантни регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта „Р1“ и се со ознака:**

P1104 - (Скопје-врска со А2-обиколница Скопје-Арачиново-Куманово-врска со А1-граница со Р. Србија-ГП Сопот);

P1102 – Скопје -Врска со А2-обиколница Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-врска со А1.

- **При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.

- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Археолошката карта на Република Македонија2, на подрачјето на катастарската општина Брњарци има евидентирани археолошки локалитети, додека на територијата на катастарската општина Страчинци нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Скопско - Кумановски туристички регион со утврдени 8 туристички зони и 17 туристички локалитети и припаѓа на простори коишто имаат регионално туристичко значење. Низ ова подрачје минува и Транзитен туристички коридор којшто е од регионално значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната**

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Согласно Просторниот план на Република Македонија, локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до IX степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV

Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



2. ИЗВОД ОД ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО БРЊАРЦИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
С К О П Ј Е
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко ланирање
Бр. 28-3/724- 2 од 23.02.2026 год.

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ 153/2025

ОПШ АКТ за с. БРЊАРЦИ
Одлука бр: 07-3656/40 од 30.09.2014 год
Намена на градба:
КО Брњарци **КП**
ДЛ **М** 1: 2500

ИЗВОДОТ ЗА Општ акт за село Брњарци

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ
   - **Заверена копија од синтезен план во идентична форма**

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
   - **Заверена копија од општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите**

ИЗГОТВИЛ:
Каролина Спиркоска

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
Раководител на сектор за урбанизам и градежно земјиште
Александар Јанакиески

М.П.

---

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

4.1. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат за сите катастарските парцели во рамки на планскиот опфат во чии граници се дефинирани наменски зони за домување, јавни институции, зеленило и рекреација и инфраструткура.

4.2. Во зоната предвидена за домување, во катастарските парцели до кои се пристапува директно од дефинираните главни сообраќајни правци, во објектите со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи и домување во станбени куќи во селско-стопански двор и А3 - групно домување дозволено е егзистирање на компатибилна класа на намени:

Б1 - мали комерцијални и деловни намени (до 30% во однос на осонвата класа на намени)

4.3. Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбаниситчко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

4.4. При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно-правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да претставуваат градежна парцела. Основните услови за оформување на градежна парцела се дефинирани во член 22, 23 и 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

4.5. Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минимално растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

4.6. За секоја градежна парцела во зависност од наменската зона важат максимално дозволени урбанистички величини и параметри: процент на изграденост, коефициент на искористеност, висина на венец и катност и ги имаат следните вредности:

ред. бр.	основна класа на немена	процент на изграденост	коефициент на искористеност	катност	максимална висина на венец
		%	К		м²
1	**А0** - домување во станбени куќи со посебен режим				
	- градежни парцели до 1000 м²	50%	1,00	П+2+Пк	10,20
	- градежни парцели над 1000 м²	50%	0,50	П+2+Пк	10,20
2	**А1** - домување во станбени куќи	50%	1,50	П+2+Пк	10,20
3	**А3** - групно домување	50%	1,50	П+2	10,00
4	**А4** - времено сместување	50%	1,50	П+2	10,00
5	**В1** - образование и наука (основно училиште)	50%	1,50	П+2	10,00
6	**В4** - државни институции	50%	1,50	П+2	10,00
7	**В5** - верски институции	70%	2,00	П+2	10,00
8	**Д3** - спорт и рекреација	70%	1,50	П+1	8,00
9	**Д4** - меморијални простори	70%	1,00	П	4,00

4.7. Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

4.8. Коефициентот на искористеност (к) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број со две децимали.

4.9. Максимално дозволената висина на венец е планска одредба со која се утврдува височината на градбата и се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела (страната од каде што се пристапува преку јавна сообраќајна површина), во согласност со член 44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14):
- За рамен терен максималната височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри;
- За терен во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

4.10. Стационарниот сообраќај - паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изградност, коефициент на искористеност, висина на венец и катност).

4.11. Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

4.12. Надлежните институции кои стопанисуваат со комуналните инфраструктурни мрежи (водовод, канализација, електрично напојување, фиксна телефонија,...) да обезбедат услови за приклучок на градежните парцели кон своите мрежи.

4.13. Во рамките на планскиот опфат, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад кој ќе се одлага во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука на Советотот на Општина Гази Баба.

4.14. При изградбата на новите објкети да се почитува важечката законска и подзаконска регулатива која го регулира градењето.

4.15. Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите од овој Општ акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

5. НАЧИН НА РЕАЛАИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ГРАДБИ

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација, електрично напојување, фиксна телефонија,...) потребно е да овозможи приклучок на мрежата на секој објект кој се наоѓа во планскиот опфат.

Доколку се утврдат потреби за напојување кои ги надминуваат капацитетите на постојната инфраструктура, изградбата на нови инфраструктурни мрежи и објеки ќе се врши со изработка на Проекти за инфраструктура, во согласност со член 51-а и 51-б од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05; 137/13; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14).

6. ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ ВО СЕЛСКО-СТОПАНСКИ ДВОР

Во рамки на наменската зона за домување можна е реализација на објекти со основна класа на намени:

А1 - домување во станбени куќи во селско-стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи - во селско-стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско-стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

Урбанистичките параметри (процентот на изграденост и коефициентот на искористеност) кои ги детерминираат условите за градба во градежните парцели со намена А1 - домување во станбени куќи во селско-стопански двор не ги опфаќаат помошните градби во функција на селско-стопанскиот двор.

7. ОПИС НА ОСНОВНИТЕ ВЛЕЗНИ И ИЗЛЕЗНИ ПОСТОЈНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО И НЕГОВАТА СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Со Општиот акт за село Брњарци се дефинирани сите постоечки влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување:

- на северозапад: од/кон с. Страчинци;
- на запад: од/кон с.Стајковци;
- на југозапад: од/кон с.Сингелиќ; и
- на југ: од/кон регионален пат Р-1104 (делница Скопје - Арачиново);
- на исток: од/кон с.Арачиново; и
- на североисток: од/кон с.Мојанци.

8. СООБРАЌАЈНИ УСЛОВИ ЗА ПРИСТАП ДО ГРАДБИТЕ И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СТАЦИОНАРНИОТ СООБРАЌАЈ

Стационарниот сообраќај - паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изградност, коефициент на искористеност, висина на венец и катност).

Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

Билансни показатели						
ред. бр.	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		површина (ха)		процент	
	група на класи на немани	основна класа на немена				
1	**А -** домување	**А0** - домување во станбени куќи со посебен режим	16,45	17,96	70,1%	76,6%
2		**А1** - домување во станбени куќи во селско-стопански двор				
3		**А3** - групно домување				
4		**А4** - времено сместување	1,51		6,4%	
5	**В -** јавни институции	**В1** - образование и наука (основно училиште)	0,26	0,42	1,1%	2,3%
6		**В4** - државни институции	0,11		0,5%	
7		**В5** - верски институции	0,16		0,7%	
8	**Д -** зеленило и рекреаија	**Д1 -** парковско зеленило	0,42	0,97	1,8%	13,3%
9		**Д3 -** спорт и рекреација	2,15		9,2%	
10		**Д4** - меморијални простори	0,55		2,4%	
11	**Е** - инфраструктура	**Е1** - комунална инфраструктура	1,84		7,9%	
ВКУПНО			**23,45**		**100%**	



Биланси показатели

ред. бр.	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ: група на класи на немани	основна класа на немена	површина (ха)		процент	
1	А - домување	**А0** - домување во станбени куќи со посебен режим	16,45	17,96	70,1%	76,6%
2		**А1** - домување во станбени куќи во селско-стопански двор				
3		**А3** - групно домување				
4		**А4** - времено сместување	1,51		6,4%	
5	В - јавни институции	**В1** - образование и наука (основно училиште)	0,26	0,42	1,1%	2,3%
6		**В4** - државни институции	0,11		0,5%	
7		**В5** - верски институции	0,16		0,7%	
8	Д - зеленило и рекреација	**Д1** - парковско зеленило	0,42	0,97	1,8%	13,3%
9		**Д3** - спорт и рекреација	2,15		9,2%	
10		**Д4** - меморијални простори	0,55		2,4%	
11	**Е** - инфраструктура	**Е1** - комунална инфраструктура	1,84		7,9%	
	ВКУПНО		**23,45**		**100%**	

ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО БРЊАРЦИ
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ПОВРШИНА	23.45 ха
РАЗМЕР	1 : 2500

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- А — ДОМУВАЊЕ: А0 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ СО ПОСЕБЕН РЕЖИМ; А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ - СЕЛСКО-СТОПАНСКИ ДВОР; А3 - ГРУПНО ДОМУВАЊЕ
- А4 — ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ
- В1 — ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
- В4 — ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- В5 — ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
- Д1 — ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- Д3 — СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
- Д4 — МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ - ГЛАВНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО ЗА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ
- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: ВОДЕНИ ПОВРШИНИ (РЕКИ, КАНАЛИ)

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	ДОБРИЦА ДОЈЧИНОСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443	САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095	
ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК			
СОРАБОТНИЦИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		
ПРИЛОГ	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА СЕЛОТО, НАМЕНСКИ ЗОНИ, И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ		
ТЕХ. БРОЈ	У05-07/14-2	ДАТУМ 08.2014	ЛИСТ 4

3. ИЗВОД ОД ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО СТРАЧИНЦИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
С К О П Ј Е
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
Бр. 28-3/724-3 од 23.02.2026 год.

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ 154/2026

ОПШ АКТ за с.Страчинци
Одлука бр: 07-3656/42 од 30.09.2014 год

КО Стачинци **ДЛ** **М** 1: 2500

ИЗВОДОТ ЗА Општ акт за село Страчинци

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ
   - **Заверена копија од синтезен план во идентична форма**
2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
   - **Заверена копија од општи и посебни услови за градба**

изработил,
Каролина Спиркоска

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

МП

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

4.1. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат за сите катастарските парцели во рамки на планскиот опфат во чии граници се дефинирани наменски зони за домување, јавни институции, зеленило и рекреација и инфраструткура.

4.2. Во зоната предвидена за домување, во катастарските парцели до кои се пристапува директно од дефинираните главни сообраќајни правци, во објектите со основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи и домување во станбени куќи во селско-стопански двор и А3 - групно домување дозволено е егзистирање на компатибилна класа на намени:

Б1 - мали комерцијални и деловни намени (до 30% во однос на осноновата класа на намени)

4.3. Формирањето на градежната парцела, површината за градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбаниситчко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

4.4. При формирањето на градежните парцели потребно е да се почитуваат имотно-правните односи, односно една или повеќе катастарски парцели да претставуваат градежна парцела. Основните услови за оформување на градежна парцела се дефинирани во член 22, 23 и 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

4.5. Површината за градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минимално растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

4.6. За секоја градежна парцела во зависност од наменската зона важат максимално дозволени урбанистички величини и параметри: процент на изграденост, коефициент на искористеност, висина на венец и катност и ги имаат следните вредности:

ред. бр.	основна класа на немена	процент на изграденост	коефициент на искористеност	катност	максимална висина на венец
		%	К		м²
1	**А0** - домување во станбени куќи со посебен режим				
	- градежни парцели до 1000 м²	50%	1,00	П+2+Пк	10,20
	- градежни парцели над 1000 м²	50%	0,50	П+2+Пк	10,20
2	**А1** - домување во станбени куќи	50%	1,50	П+2+Пк	10,20
3	**А3** - групно домување	50%	1,50	П+2	10,00
4	**В1** - образование и наука (основно училиште)	70%	2,00	П+2	10,00
5	**В5** - верски институции	70%	2,00	П+2	10,00
6	**Д4** - меморијални простори	70%	1,00	П	4,00

4.7. Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

4.8. Коефициентот на искористеност (к) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како

однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број со две децимали.

4.9. Максимално дозволената висина на венец е планска одредба со која се утврдува височината на градбата и се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела (страната од каде што се пристапува преку јавна сообраќајна површина), во согласност со член 44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14):
- За рамен терен максималната височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри;
- За терен во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

4.10. Стационарниот сообраќај - паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изградност, коефициент на искористеност, висина на венец и катност).

4.11. Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

4.12. Надлежните институции кои стопанисуваат со комуналните инфраструктурни мрежи (водовод, канализација, електрично напојување, фиксна телефонија,...) да обезбедат услови за приклучок на градежните парцели кон своите мрежи.

4.13. Во рамките на планскиот опфат, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад кој ќе се одлага во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука на Советотот на Општина Гази Баба.

4.14. При изградбата на новите објкети да се почитува важечката законска и подзаконска регулатива која го регулира градењето.

4.15. Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите од овој Општ акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

5. НАЧИН НА РЕАЛАИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ГРАДБИ

Постојната инфраструктурна мрежа (водовод, канализација, електрично напојување, фиксна телефонија,...) потребно е да овозможи приклучок на мрежата на секој објект кој се наоѓа во планскиот опфат.

Доколку се утврдат потреби за напојување кои ги надминуваат капацитетите на постојната инфраструктура, изградбата на нови инфраструктурни мрежи и објеки ќе се врши со изработка на Проекти за инфраструктура, во согласност со член 51-а и 51-б од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05; 137/13; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13 и 42/14).

6. ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ ВО СЕЛСКО-СТОПАНСКИ ДВОР

Во рамки на наменската зона за домување можна е реализација на објекти со основна класа на намени:

А1 - домување во станбени куќи во селско-стопански двор.

Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1 (домување во станбени куќи - во селско-стопански дворови) освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско-стопанскиот двор (штали, складишта, гаражи и сл.).

Урбанистичките параметри (процентот на изграденост и коефициентот на искористеност) кои ги детерминираат условите за градба во градежните парцели со намена А1 - домување во станбени куќи во селско-стопански двор не ги опфаќаат помошните градби во функција на селско-стопанскиот двор.

7. ОПИС НА ОСНОВНИТЕ ВЛЕЗНИ И ИЗЛЕЗНИ ПОСТОЈНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО И НЕГОВАТА СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Со Општиот акт за село Страчинци се дефинирани сите постоечки влезни и излезни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со поширокото опкружување.

- на југозапад: од/кон Обиколница - Скопје;
- на исток: од/кон с.Брњарци.

Низ планскиот опфат на селото не поминуваат државни патишта.

8. СООБРАЌАЈНИ УСЛОВИ ЗА ПРИСТАП ДО ГРАДБИТЕ И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА СТАЦИОНАРНИОТ СООБРАЌАЈ

Стационарниот сообраќај - паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изградност, коефициент на искористеност, висина на венец и катност).

Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не може да се утврдат услови за градба.

Билансни показатели						
ред. бр.	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		површина (ха)		процент	
	група на класи на намани	основна класа на намена				
1	**А -** домување	**А0** - домување во станбени куќи со посебен режим	16,25		92,8%	
2		**А1** - домување во станбени куќи во селско-стопански двор				
3		**А3** - групно домување				
4	**В -** јавни институции	**В1** - образование и наука (основно образование)	0,06	0,15	0,3%	0,9%
5		**В5** - верски институции	0,09		0,5%	
6	**Д -** зеленило и рекреација	**Д4** - меморијални простори	0,61		3,5%	
7	**Е -** инфраструктура	**Е1** - комунална инфраструктура	0,49		2,8%	
ВКУПНО			**17,50**		**100%**	



Биланси показатели						
ред. бр.	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ: група на класи на намани	НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ: основна класа на намена	површина (ха)		процент	
1	**А** - домување	**А0** - домување во станбени куќи со посебен режим	16,25		92,8%	
2		**А1** - домување во станбени куќи во селско-стопански двор				
3		**А3** - групно домување				
4	**В** - јавни институции	**В1** - образование и наука (основно образование)	0,06	0,15	0,3%	0,9%
5		**В5** - верски институции	0,09		0,5%	
6	**Д** - зеленило и рекреација	**Д4** - меморијални простори	0,61		3,5%	
7	**Е** - инфраструктура	**Е1** - комунална инфраструктура	0,49		2,8%	
	ВКУПНО		**17,50**		**100%**	

ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО СТРАЧИНЦИ
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ПОВРШИНА: 17.50 ха

РАЗМЕР: 1 : 2500

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- A — ДОМУВАЊЕ:
  - А0 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ СО ПОСЕБЕН РЕЖИМ
  - А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ - СЕЛСКО-СТОПАНСКИ ДВОР
  - А3 - ГРУПНО ДОМУВАЊЕ
- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:
- СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ - ГЛАВНИ ПРАВЦИ ВО СЕЛОТО ЗА ВЛЕЗ/ИЗЛЕЗ
- B1 — ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
- B5 — ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
- Д4 — МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК	ДОБРИЦА ДОЈЧИНОСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0443	САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095	
СОРАБОТНИЦИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094		
ПРИЛОГ	ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА СЕЛОТО, НАМЕНСКИ ЗОНИ, И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ СО ПОШИРОКОТО ОПКРУЖУВАЊЕ		
ТЕХ. БРОЈ	У04-07/14-2	ДАТУМ 08.2014	ЛИСТ 4

4. СТУДИЈА НА ОПРАВДАНОСТ

СТУДИЈА НА ОПРАВДАНОСТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ

Согласно член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење што се прави за подрачја и градби што немаат градежна или урбанистичко планска историја, односно за простори кои за прв пат се уредуваат, планската програма се изработува врз основа на студија на оправданост што е уредена во посебен закон. Студијата на оправданост се изработува врз основа на истражувања, студии, елаборати и претпроектна документација, со кои се докажува општествената, еколошката, економската и друга оправданост на зафатот.

Студијата за оправданост се изработува по правило за инженериски градби или други големи и сложени градби од групите на класи на намени Г и Е за коишто не постојат претходни плански или проектни податоци, односно за простори кои за прв пат се уредуваат и за кои има потреба од претходни истражувања и проценки. Студијата за оправданост се изработува за да обезбеди објективно и информирано одлучување за отпочнување на постапките за донесување на урбанистички план, од аспект на просторната, еколошката, финансиската и економската оправданост на градежниот зафат за чиешто градење е потребен урбанистичкиот план, и по правило содржи елементи од:

- дефинирање на локацијата односно планскиот опфат,
- општествените, економските и просторните цели на зафатот,
- намената и начинот на употреба,
- физибилити студија односно податоци и анализа за остварливост и исплатливост на зафатот,
- податоци и анализа на природните и артефициелните чинители релевантни за планскиот опфат,
- економска и развојна анализа на идното функционирање на градбата,
- усогласеност со Просторниот план и соседните урбанистички планови,
- можни влијанија на просторниот развој на околните подрачја или пошироко,
- еколошки аспекти и влијанија на животната средина,
- технички опис на зафатот, идејна проектна документација или варијантни решенија, и
- анализа и оценка на оправданоста на зафатот, инвестицијата и урбанистичкиот план.

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЛОКАЦИЈАТА ОДНОСНО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба опфаќа катастарски парцели и дел од катастарски парцели во КО Страчинци и КО Брњарци, зафаќа прелиминарна површина **од 2108008,6m² или 210,80ha** и истата е помала од планскиот опфат за кој се обезбедени Условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба со тех.бр.Y49525 од Февруари 2026 за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот бр.15-700/3 од 30.03.2026 година.



Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница



2. ОПШТЕСТВЕНИ, ЕКОНОМСКИ И ПРОСТОРНИ ЦЕЛИ НА ЗАФАТОТ

Просторот и земјиштето што се опфатени во оваа студија досега не биле предмет на изработка и донесување на урбанистички план. Тоа значи дека за ова подрачје нема утврдени правила за уредување и користење на просторот (како што се намена, градежни парцели, услови за градба и сл.), па затоа се јавува потреба од донесување соодветен урбанистички план.

Основна цел на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба е да се изврши уредување на намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите во рамките на опфатот. Основна цел на изработувањето на документацијата е формирање на градежни парцели за градби за производство на енергија над 10MW, батериски систем за складирање на енергија и трафостаница со капацитет од 110/35КВ заради функционирање на овој мрежно поврзан капацитет за производство на електрична енергија од обновливи извори и изградбата на иситиот ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија). Планскиот опфат се состои од земјиште кое е во целост сопственост на Република Северна Македонија.

Просторот во предметниот плански опфат треба да се планира врз основа на Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот, а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се издава Решение за Услови за планирање на просторот согалсно закон.

3. НАМЕНА И НАЧИН НА УПОТРЕБА

Со изработка на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба треба да се овозможи планско решение за изградба на сончева електрана со капацитет над 10 MW, да се дефинираат сите архитектонско- урбанистички параметри, нивната функционалност, диспозиција и капацитет, максимално користење на просторот од сите аспекти.

Намена на земјиштето

Просторот во рамките на планскиот опфат ќе се планира со следните намени:

Е – Инфраструктура

Е1- Сообраќајна, линска и друга инфраструктура

Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични панели

Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија

Е1.14 – Градби за чување и складирање на енергија

Во текот на изработка на урбанистичкиот план може да се јави потреба од комплементарни намени во рамките на градежните парцели во планскиот опфат, кои ќе бидат употребени како комплементарни и компатибилни намени кои се во функција на основната намена на земјиштето и градбите согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).

4. ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА ЗА ОСТВАРЛИВОСТ И ИСПЛАТЛИВОСТ

Перформансите и производството на фотонапонската централа се директно зависни од локалните климатски услови, пред сѐ од интензитетот на сончевото зрачење и температурата на околината. Анализата на овие параметри е основа за сите технички и економски пресметки во оваа студија. Климатските податоци се од суштинско значење за точна проценка на производството на електрична енергија. Локацијата на проектот се наоѓа во климатска зона класифицирана како 4А - Мешана Влажна, на надморска височина од 239 метри.

Клучните климатски карактеристики на локацијата се:

• Температура: Годишната просечна температура на воздухот изнесува 12.3°C.

Локацијата се карактеризира со значителни температурни разлики помеѓу сезоните, со проектна

температура за греење од -9.0°C и проектна температура за ладење од 33.8°C.
• Релативна влажност: Просечната годишна релативна влажност е 69.6%.
• Брзина на ветер: Просечната годишна брзина на ветерот е 1.7 m/s.

Податоците за сончевата радијација и другите климатски параметри се добиени од метеоролошката станица Скопје/Петровац, која е најрелевантна за предметната локација, како и од сателитски податоци на сервисот SATEL-LIGHT, кои се користени за симулациите во софтверот PVSYST.

Финансиската анализа, изработена со помош на софтверскиот пакет RETScreen Expert, покажува дека проектот ФЕЦ „Страчинци“ е економски исплатлив и финансиски одржлив во предвидениот животен век од 25 години.
Финансиската структура на проектот е базирана на следниве параметри :
• Времетраење на проектот: 25 години.
• Структура на финансирање: 70% од инвестицијата ќе се обезбеди преку долг (кредит), додека 30% ќе бидат сопствени средства (капитал).
о Износ на долг: 94,291,248 евра.
о Износ на сопствени средства: 40,410,535 евра.
• Услови на долгот: Каматната стапка на долгот е 4%, со период на отплата од 10 години. Годишниот ануитет за отплата на долгот (главница и камата) изнесува 11,625,257 евра.
• Годишен приход: Врз основа на проценетото годишно производство од 221,028 MWh и просечна продажна цена на електричната енергија од 0.08 €/kWh, приходот во првата година на работа се проектира на 17,682,235 евра. Моделот вклучува годишна ескалација на цената на електричната енергија од 2%. Најголемиот ризик е цената на електричната енергија на слободниот пазар, иако предвидувањата на повеќе организации велат дека истата ќе расте во наредните 10 години на Европскиот пазар.

Батерискиот систем му дава на проектот значителна флексибилност и дополнителни извори на приход. Овозможува „енергетска арбитража“ – складирање на енергијата произведена во текот на денот кога цените се ниски и нејзина продажба во вечерните часови кога цените се највисоки. Исто така, системот може да обезбедува помошни услуги на мрежата, како што е регулација на фреквенција, што претставува дополнителен потенцијален приход.

5. ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА НА ПРИРОДНИТЕ И АРТЕФИЦИЕЛНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

Со искористувањето на електрична енергија преку сончеви електрани, ќе се воведе стабилност во снабдувањето со електрична енергија, пред се во индустријата што ќе доведе до економски развој на сите региони во Република Северна Македонија.

Производството на електрична енергија ќе придонесе за сигурност во снабдувањето, ќе донесе дополнителен извор на енергија и можност за раст на индустријата во одредени области. Исто така ќе донесе и нови инвестиции кои се поволни за државата. Можноста за изградба на сончева електрана и во преостанатите соседни земји може да придонесе за економски бенефит на целиот регион.

Изградбата на сончеви електани ќе придонесе за трите цели утврдени во енергетската политика на Унијата - безбедност, одржливост и конкурентност на енергетската политика на Унијата и амбиција да се создаде внатрешен енергетски пазар во кој ниту една земја- Членка нема да остане изолирана од европските мрежи електрична енергија, обезбедувајќи енергијата да тече слободно низ Европската унија, без технички или регулаторни бариери.

6. ЕКОНОМСКА И РАЗВОЈНА АНАЛИЗА НА ИДНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГРАДБАТА

Финансискиот бенефит е тесно поврзан со зголемувањето на потрошувачката на електрична енергија и економскиот раст на државата и регионот кој пак се должи на конкурентноста на пазарот на производство на електрична енергија, со оглед дека производството на електрична енергија е приходна дејност.
• Технички аспект: Проектот е базиран на модерна, ефикасна и докажана технологија. Изборот на компоненти е стратешки прилагоден на специфичните услови на локацијата, со што се максимизира производството на енергија и се обезбедува долгорочна доверливост на системот.

• Економски аспект: Финансиските проекции покажуваат силна профитабилност, со позитивна нето сегашна вредност и атрактивни стапки на поврат на инвестицијата. Интеграцијата на батерискиот систем за складирање на енергија значително ја зголемува вредноста на проектот, овозможувајќи оптимизација на приходите и флексибилност во работењето.

7. УСОГЛАСЕНОСТ СО ПРОСТОРНИОТ ПЛАН И СОСЕДНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштита на животната средина.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање. Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Северна Македонија.

Просторот во предметниот плански опфат треба да се планира врз основа на Услови за планирање на просторот издадени од Агенција за планирање на просторот, а за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се издава Решение за Услови за планирање на просторот. За планскиот опфат издадени се:

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба со тех.бр.Y49525 од Февруари 2026 за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот бр.15-700/3 од 30.03.2026 година за плански опфат со површина од 211,65ха.

При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се имаат во предвид Заклучните согледувања од секторските области дефинирани со Просторниот план и тоа:

Заштита на земјоделско земјиште

– Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.

– При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

– Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Вредноста на површинското истекување за сливното подрачје на Вардар по течението се намалува од 17,4 кај мерниот профил Радуша, преку 13,6л/сек/км ^{2} кај Скопје до 9,0 л/сек/км ^{2} кај мерниот профил Велес. Со изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија каде ќе се користи сончевата енергија, како обновлив ресурс, (како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага ВП „Скопје“) ќе се подобри енергетската покриеност на потрошувачите во регионот во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

– Бидејќи Источниот регион на Република Македонија е сиромашен со вода, со Просторниот план на Република Македонија зацртана е изградба на регионален водостопански систем (РВС) “Треска”, со кој ќе се зафаќаат води од сливот на реката Треска и ќе се транспортираат кон Источна Македонија, односно ќе се покриваат потребите во ВП “Скопско”, “Пчиња”, “Средна и Долна

Брегалница” и “Струмичко Радовишко”. Дефинирањето на трасата на овој РВС (која шематски поминува низ планскиот опфат) ќе биде предмет на натамошно проектно техничка и урбанистичко планска документација.

– Низ планскиот опфат минуваат времени водотеци за кои потребно е да се обезбеди заштитен појас согласно Законот за води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

– Низ локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, минува постојниот преносен 110kV далновод Скопје 1-Куманово 1 заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: “Мрежните правила за пренос на електрична енергија” (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

– Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани од обновливи извори на енергија ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

− Иницијативата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица, КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Јавни функции

– Иницијативата за површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица, КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба , е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

– Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

– Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.

Сообраќајна инфраструктура

– Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

А4 - (Граница со Косово -ГП Блаце -крстосница Стенковец -обиколница Скопје Петровец -Миладиновци -Свети Николе -Штип -Радовиш -Струмица -гр.со Бугарија -ГП Ново Село) .

– Релевантни регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија , влегуваат во групата на регионални патишта „Р1“ и се со ознака :

Р1104 - (Скопје -врска со А2 -обиколница Скопје -Арачиново -Куманово -врска со А1 -граница со Р. Србија -ГП Сопот);

Р1102 – Скопје -Врска со А2 -обиколница Скопје -Катланово -Велес -Неготино Демир Капија -Гевгелија -врска со А1.

– При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

– Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

– Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Развој на туризмот

– Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Скопско - Кумановски туристички регион со утврдени 8 туристички зони и 17 туристички локалитети и припаѓа на простори коишто имаат регионално туристичко значење. Низ ова подрачје минува и Транзитен туристички коридор којшто е од регионално значење.

Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита на природно наследство

– Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

– Доколку при изработка та на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата .

Заштита на културно наследство

– Согласно податоците од Археолошката карта на Република Македонија 2, на подрачјето на катастарската општина Брњарци има евидентирани археолошки локалитети, додека на територијата на катастарската општина Страчинци нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

– При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

– Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно -историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

При изработка на урбанистичкиот план за предметниот простор треба да се земат во предвид горенаведените поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија и истите да се почитуваат при изработка на урбанистичкиот план согласно националната легислатива..

Зафатот на предметната локација нема конфликт или преклопување со други плански опфати од соседна важечка планска документација на територијата на општина Гази Баба, иако истиот е во непосредна близина на две населени места Брњарци и Страчинци, за кои има донесено планска документација. Предметната локација се простира северно од опфатот на Општ Акт за село Брњарци донесен со Одлука бр.07-3656/40 од 30.09.2014година и се простира источно од опфатот на Општ Акт за село Страчинци донесен со Одлука бр.07-3656/42 од 30.09.2014година.

8. МОЖНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ НА ОКОЛНИТЕ ПОДРАЧЈА

Влијанието на околните подрачја кое го има овој мрежно поврзан капацитет за производство на електрична енергија од обновливи извори на територијата на општина Гази Баба е минимално и незначително. При поставувањето и оперирањето на фотоволтаичните електрани и останатите придружни градби од овој голем хибриден енергетски капацитет ФЕЦ „Страчинци“ треба да се почитуваат одредбите пропишани со законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација.

9. ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ И ВЛИЈАНИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Изградбата на овој голем хибриден енергетски капацитет ФЕЦ „Страчинци“ ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори. Од аспект на животната средина, проектот ќе даде значаен придонес кон декарбонизацијата на националниот енергетски сектор. Се проценува дека годишното производство на чиста електрична енергија од 221,028 MWh ќе резултира со намалување на емисиите на стакленички гасови за 136,860 тони CO2 годишно.

Заштита на животна средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат созда вањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претход но извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за сан ација на евентуално предизвика ните нарушувања во животната средина .

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко - технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

- Согласно Просторниот план на Република Македонија, локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО

Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.

– Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до IXстепени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина – При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани и трансформаторска станица со капацитет од 110/35kV, во КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Со оглед на фактот што во Македонија има многу високо загадување на воздухот поради согорувањето на дрва, нафта и ѓубре за греење, придобивките од воведувањето на фотоволтаични електрани може да се види и преку унапредување и заштита на животната средина со поголема искористеност на природните извори на енергија. Република Северна Македонија е земја која досега се потпира на цврсти горива со широк опсег на употреба на енергија и главно греење и производство на електрична енергија. Резултатот е високо производство на јаглерод диоксид. Имајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при разработка на влијанијата од фотоволтаичните електрани врз животната средина констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Досегашните научни истражувања посочуваат дека единствено негативно влијание по човековата околина е потребата од зголемена површина на земјиште за нивно инсталирање.

10. ТЕХНИЧКИ ОПИС НА ЗАФАТОТ, ИДЕЈНА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ИЛИ ВАРИЈАНТНИ РЕШЕНИЈА

Топографијата на теренот на микро-локацијата е опишана како ридеста. Оваа карактеристика на теренот наметнува потреба од значителни градежни работи за подготовка на земјиштето, вклучувајќи планирање, нивелирање и потенцијално изградба на тераси, со цел да се обезбеди стабилна и соодветна подлога за монтажните конструкции на панелите и останатата инфраструктура.

Зафатот на локација се наоѓа во атарот на селото Страчинци, на оддалеченост од околу 10 километри од Скопје, во рамките на административните граници на Општина Гази Баба. Во однос на енергетската инфраструктура, големината на проектот налага приклучување на преносната мрежа. Проектот предвидува приклучок на 110 kV напонско ниво, што укажува на близина до постоечка високонапонска мрежа или планирана изградба на нова трафостаница која ќе го овозможи овој приклучок. Патната инфраструктура до локацијата е обезбедена преку локален, земјен пат кој се поврзува со пошироката патна мрежа. Оваа пристапност е клучна за олеснување на транспортот на опрема, материјали и механизација за време на фазата на изградба.

Проектот, со назив ФЕЦ „Страчинци“, претставува развој на голем мрежно поврзан капацитет за производство на електрична енергија од обновливи извори.

Централата е хибриден систем кој се состои од две главни компоненти:

1. Фотонапонска централа (ФЕЦ): Со вкупна инсталирана еднонасочна (DC) моќност од 157.5 MWp. Оваа моќност ќе се постигне преку инсталација на 234,000 фотонапонски панели; и

2. Батериски систем за складирање на енергија (BESS): Интегриран систем со вкупна моќност од 55MW и вкупен капацитет за складирање од 275 MWh.

Поради својата големина и значење за националниот електроенергетски систем, централата е дизајнирана да биде приклучена на преносната мрежа на високо напонско ниво од 110 kV.

Врз основа на симулациите направени со софтверскиот пакет PVSYST, како и анализата во RETScreen, се проценува дека ФЕЦ „Страчинци“ ќе испорачува нето годишно производство од

221,028 MWh електрична енергија во мрежата.

Изборот на технологија за ФЕЦ „Страчинци“ е направен со цел да се максимизира производството на енергија и финансиските приноси, земајќи ги предвид специфичните карактеристики на локацијата и можностите на пазарот. Комбинацијата на високо-ефикасни бифацијални панели, инвертери со повеќе MPPT влезови и голем батериски систем претставува софистициран и синергетски пристап.

11. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА ОПРАВДАНОСТА НА ЗАФАТОТ, ИНВЕСТИЦИЈАТА И УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Оваа студија ја оценува техничката, економската и финансиската изводливост на проектот за Фотонапонска Електрична Централа (ФЕЦ) „Страчинци“. Проектот предвидува изградба и оперирање на голем хибриден енергетски капацитет, кој се состои од фотонапонска централа со инсталирана еднонасочна (DC) моќност од 157.5 MWp и интегриран батериски систем за складирање на енергија (BESS) со моќност од 55 MW и капацитет од 275 MWh.

Техничката анализа потврдува дека проектот е изводлив, базиран на употреба на докажана и високо ефикасна технологија од производители од прв ранг (Tier-1). Избрани се бифацијални фотонапонски модули со висока моќност, стринг инвертери со повеќе точки за следење на максимална моќност (MPPT) кои се идеални за ридестиот терен на локацијата и робустен батериски систем кој овозможува оптимизација на приходите и поддршка на електроенергетската мрежа.

Пресметка на трошоци

• Почетни инвестициски трошоци: Вкупната проценета инвестиција за реализација на проектот изнесува 134,701,783 евра.

• Годишни трошоци за работа и одржување (O&M): Проценетите годишни трошоци за работа, одржување, осигурување и надзор изнесуваат 2,300,000 евра.

Финансиската евалуација покажува дека проектот е високо профитабилен и одржлив. Со вкупна почетна инвестиција од 134.7 милиони евра, проектот се очекува да генерира годишен приход од приближно 17.68 милиони евра во првата година на работа. Клучните финансиски показатели се исклучително позитивни, вклучувајќи нето сегашна вредност (NPV) од 77.28 милиони евра, внатрешна стапка на поврат на сопствените средства (IRR) од 18.6%, период на поврат на вложениот капитал (equity payback) од 7.9 години и конкурентна нивелирана цена на произведена енергија (LCOE) од 0.064 €/kWh.

Од аспект на животната средина, проектот ќе даде значаен придонес кон декарбонизацијата на националниот енергетски сектор. Се проценува дека годишното производство на чиста електрична енергија од 221,028 MWh ќе резултира со намалување на емисиите на стакленички гасови за 136,860 тони CO_2 годишно.

Заклучокот на студијата е дека ФЕЦ „Страчинци“ претставува технички изводлив, финансиски робустен и еколошки значаен проект со висок потенцијал за успех.

Иако основниот финансиски модел е многу позитивен, важно е да се земат предвид ризиците. Анализата на сензитивност покажува дека повратот на инвестицијата е најчувствителен на три клучни параметри: количината на произведена енергија, продажната цена на електричната енергија и почетните инвестициски трошоци. Варијација од +/-25% во овие параметри може да го промени периодот на поврат на инвестицијата во опсег од 4.4 до 11.7 години (со ниво на доверба од 90%). Ова нагласува дека, иако проектот е финансиски робустен, успехот зависи од контрола на трошоците, постигнување на проектираното производство и обезбедување на стабилни приходи преку долгорочен договор за откуп.

ИЗРАБОТИЛ:

5. ПОДАТОЦИ, ИНФОРМАЦИИ И МИСЛЕЊА

https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/externalinstitution/detail/1041/78049

https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/externalinstitution/detail/1041/78488

https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/externalinstitution/detail/1041/78501

https://www.e-urbanizam.mk/admin/#/home/administration/request/externalinstitution/detail/1041/78503

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

20. 02. 2026

АРХИВСКИ БРОЈ: **40-1951/2**

ДО: **Друштво за проектирање, консалтинг, промет и услуги ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево**

ПРЕДМЕТ: **Барање за дополнување**

Во врска со вашето барање на податоци и информации под бр.04-25 од 02.2026 година, за отпочнатата постапка за Изменување и дополнување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци" со површински соларни и фотоволтаични електрани - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35KB, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба, потребно е истото да го дополните со следната документација:

-Список на индикации.(Извештај од извршено дигитално преклопување-од Агенција за катастар на недвижности).

Со почит,

Овластен Раководител на сектор

Розе Димовска

Изработил: Фатиме Реџепи

Контролирал: Анѓа Симоновска

Одобрил: Аднан Алии

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

19.03 2026

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 –2953/4

ДО: **Друштво за проектирање, консалтинг, промет и услуги ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево**

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Во врска со вашето **Барање податоци и информации** со број 04-25/4 од 03.2026 година, согласно Законот за урбанистичко планирање, **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци" со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба,** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:

-Предметното земјиште на КП 11, 16 ,302 и 303, со катастарска култура пасиште, катастарска класа 4 и 5 за КО Страчинци, Општина Гази Баба, е во сопственост на Република Северна Македонија, и за истите потребно е да се обратите до ЈП за стопанисување со пасишта.

Овластен раководител на сектор
Розе Димовска

Изработил: Марија Страшевски
Контролирал: Анѓа Симоновска
Согласен: Аднан Алии

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
Агенција за цивилно воздухопловство

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

ДО: **ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кичево**

Бр. 09-8/126

Скопје, 24.02.2026г.

ПРЕДМЕТ: Доставување на податоци и информации

ВРСКА: Ваш бр.04-25 од 02.2026 година
e-urbanizam, постапка бр.78049

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а планираните објекти не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што може да се планираат без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 8:00-15:00 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
Советник на директорот за безбедност и сигурност на аеродроми и навигација
(по овластување од Директорот бр.02-452/2 од 29.10.2025 година)

Biljana Jovanova Digitally signed by Biljana Jovanova
Date: 2026.02.24 08:43:50 +01'00'

ул. „Даме Груев” број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

3-И-0740-101_01-1

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА

11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Бр: 08-1181/3

Скопје, 13-03-2026

До: **Друштво за проектирање, консалтинг, промет и услуги ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кичево**
Бул. „Ослободување бр.54-1/4
6250 Кичево

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Согласно Вашиот допис со бр. 04-25 од 02.2026 год., доставен по електронски пат (број на постапка во Е-урбанизам **78049**), а во врска со постапка за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци" со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, Општина Гази Баба, во прилог Ви го доставуваме одговорот од Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" - Скопје.

Прилог:
– Допис со бр. 08-378/2 од 03.03..2026 год. од Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" – Скопје.

Со почит,

Изработил: Марија Д. Кузмановска
Одобрил: Златко Станковски

ДИРЕКТОР ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
м-р Владимир Пејоски, дипл.маш.инж.

Ко:
- Архива
- Сектор за развој и инвестиции

3-И-0740-101_01-1

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" - Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје,п.фах 734, Р. Северна Македонија

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

Акционерско друштво за производство на електрична енергија, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Подружница ЕНЕРГЕТИКА - Скопје
Бр. 08-378/2
03.03.2026 год.
СКОПЈЕ

Примено: 04-03-2026			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
08	1181	/2	

До

АД ЕСМ Скопје -Дирекција

Сектор за развој и инвестиции

11 Октомври, бр.9

1000 Скопје

Предмет: Одговор на допис бр.08-1181/1 од 23.02.2026 год.

Согласно доставеното барање од фирмата ЕС -Инженеринг ДООЕЛ Кичево, доставено по електронски пат (број на постапка во Е-урбанизам **78049**) во врска со барање на податоци за поставена инфраструктура а во врска со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ "Страчинци" со површински соларни и фотоволтаични електрани- градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10 MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35 kW м.в.Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба, Ве информираме дека АД ЕСМ Подружница " Енергетика"- Скопје нема поставени поземни или надземни инсталации на предметниот плански опфат.

Со почит,

Изработил : А.Маројевиќ
Контролирал: Т.Трајковски
Одобрил: Т.Милевски

Директор
м-р Марјан Милошевски

Акционерско друштво за производство на електрична енергија, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Подружница ЕНЕРГЕТИКА - Скопје СКОПЈЕ

Ко:

- Архива

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

Бр.11-1212/1

18.02.2026

До

ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кичево

Бул.Ослободување 54-1/4,

6250 Кичево

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање, предмет креиран на Е-урбанизам на 16.02.2026 година со број на постапка 78049 (наш број 11-1212 од 18.02.2026 година) за податоци и информации потребни **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци" со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба.**Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Дејан Калпачки

Проверил: Јасмина Ставрова

Одобрил : Semijal Ziberi

Генерален директор

Doc.d-r Semijal Ziberi

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Управа за заштита на културното наследство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Drejtoria për mbrojtjen e Trashëgimisë kulturore

Бр. 17-855/2
10-03-2026 година
Скопје

ДО
ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
бул.Ослободување 54-1/4,
6250 Кичево

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр.04-25 од 02.2026 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на **урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба,** Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека на подрачјето на проектниот опфат се наоѓа археолошкиот локалитет **Кале** (утврдување од доцноантичкото време), просторот упатува за постоење на елементи на археолошко наследство.

Поради тоа ве упатуваме да контактирате со **НУ Конзерваторски центар Скопје** како надлежна установа да извршат увид во границите на предметниот плански опфат и да се произнесат со стручно мислење.

Потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) е потребно да се вградат во планската документација.

Со почит,

Директор
Весела Честоева

Изработил: м-р А. Петковска 02.03.26

Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

02-03-2026

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-55/3-78 од 04.03.2026
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 04-25 од 16.02.2026 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци" со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35KB, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго На предметната локација НЕМА наши ел.енергетски инсталации

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Приклучувањето на објектот на дистрибутивната електроенергетска мрежа се врши во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. По направена првична анализа, нема можност за приклучок на производителот на постојната дистрибутивна мрежа.

Барателот треба да инсталира уред за складирање на електрична енергија согласно член 87, став (15) од Законот за енергетика. Односно, треба да инсталира складиште на електрична енергија со моќност еднаква на 20% од збирната моќност на инсталираните инвертори кои ја сочинуваат електроцентралата. Капацитетот на складиштето мора да обезбеди циклус на полнење и празнење од минимум два часа со максимална инсталирана моќност на складиштето.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Jankovski Martin

Digitally signed by Jankovski Martin
Date: 2026.03.04 13:09:18 +01'00'

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 78049
Дата: 17.02.2026

До
Друштво за проектирање, консалтинг, промет и услуги
ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кичево
Бул.Ослободување 54-1/4, 6250 Кичево

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2026.02.17 15:21:37 +01'00'

До: ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево
Бул.Ослободување 54-1/4,6250 Кичево
Предмет: 1302-479/1 од 18.02.2026
Дата: 26.02.2026

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-479/2
Дата data 26 FEB 2026
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со број 04-25 од 18.02.2026 креирано на страната на е-урбанизам на 18.02.2026 год. и заведено под бр.1302-479/1 од 18.02.2026год. со кое барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа за

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци" со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба

и ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет и согласно член 47 од Законот за просторно и урбанистичко (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) **преку страната на системот е-урбанистички планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

-Ситуација во М 1: 25 000 во pdf формат од која се гледа дека на предметниот локалитет нема наша постоечка мрежа бидејќи истиот се наоѓа надвор од решенијата на ГУП на Град Скопје

Што се однесува до прикажување на предвидена хидротехничка инфраструктура на предметниот локалитет, ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечка планска документација за предметниот локалитет и изработени Основни Проекти (ако такви постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од Општината.

- ***НАПОМЕНА***: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти , имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

Дипл.маш.инж. Дина Петровска

Проверил:

дипл.маш.инж. Сергеј Шоптрајанов

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ


Бр. 1302-479/1
Датум: 18.02.2026
1:25,000
N

31 Март 2026

Архивски број

Бр: 09-81/2
До ЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кичево
Предмет: Податоци и информации, доставува,-

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање а врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16), Подрачното одделение за заштита и спасување –Гази Баба при Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба**

Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр. 93/12), Процената на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ФЕЦ „Страчинци“ со површински соларни и фотоволтаични електрани – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW и трансформаторска станица со**

капацитет од 110/35КВ, м.в. Јурија, КО Страчинци и КО Брњарци, општина Гази Баба, да опфатат следните мерки

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари односно ширината на пристапниот пат за ПП возила не сме да биде помала од 5,5 метри согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020). Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непрчен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5метри, а најмногу 80метри.

Потребно е да се реши **меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето** односно потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2011);

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

